Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Дваесет и осмата  седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

# З А П И С Н И К

## од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 декември 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:05 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецевска, нотар.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Мила Царовска, министер за образование и наука.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог - одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите

2. Предлог - одлука за општо и селективно зголемување на капиталот на Меѓународната финансиска корпорација со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија

3. Предлог - одлука за зголемување на почетниот капитал на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје

4. Предлог на закон за рамномерен регионален развој, по скратена постапка

5. Предлог на стратегија за регионален развој 2020 - 2030

6. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за Рамномерен регионален развој за 2020 година

7. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2020 година

8. Предлог листа на проекти од општини за финансирање од дополнителни средства, со Предлог - одлука

9. Информација за поддршка на граѓаните и бизнисите во справување со корона кризата, со предлог - одлуки

10. Предлог - одлука за давање финансиска поддршка на филмски работници

11. Предлог - одлука за давање на финансиска поддршка на уметници и на културни работници

12. Предлог - одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Општина Арачиново, како еднократна неповратна финансиска поддршка, за справување со потешкотиите во тековното работење настанати поради COVID–19 кризата)

13. Информација за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/20 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/20)

14. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Будимпешта на адреса: ул. „Балогвар“ бр.9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потреби на Амбасада од неговото купување во 2007 година
15. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Хараре на адреса: „41 Argyle Drive, Highlands, Harare, Zimbabwe“, кој Република Северна Македонија го доби во процесот на сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ

16. Предлог - одлука за предвремена примена на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

17. Кадровски прашања

18. Прашања и предлози

19. Информација за постапување по заклучоците во врска со Информацијата за инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија од 3 ноември 2020 година (нова поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на Гокул Дас Бинани и Мадху Бинани), разгледана на 24-та седница на Владата (од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во врска со новата поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на Гокул Дас Бинани и Мадху Бинани)

20. Информација за координација на процесот на спроведување и следење на реформата на јавна администрација

21. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 12 декември 2020 година (сабота), поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за општо и селективно зголемување на капиталот на Меѓународната финансиска корпорација со запишување на дополнителни акции од страна на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за зголемување на почетниот капитал на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за наредната редовна седница на Владата, на предлог на предлагачот.

**Точка 4**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за рамномерен регионален развој*, по скратена постапка за наредната редовна седница на Владата, поради потребата текстот на истиот претходно да се разгледа на седница на Советот за рамномерен регионален развој и да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на стратегија за регионален развој 2020 - 2030 за наредната редовна седница на Владата, поради потребата текстот на истиот претходно да се разгледа на седница на Советот за рамномерен регионален развој.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година за наредната редовна седница на Владата, поради потребата текстот на истата претходно да се разгледа на седница на Советот за рамномерен регионален развој.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2020 година за наредната редовна седница на Владата, поради потребата текстот на истата претходно да се разгледа на седница на Советот за рамномерен регионален развој.

**Точка 8**

Владата по Предлог листата на проекти од општини за финансирање од дополнителни средства, ја донесе Одлуката за склучување на анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата со заклучок текстот на

Листата и Одлуката да се дополнат со проект/проекти во износ од 43.000 евра (финансиски средства кои се преостанати) за некоја од руралните општини.

**Точка 9**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за поддршка на граѓаните и бизнисите во справување со корона кризата, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од два дена, да објави јавен повик за издавање на грантови на центри за странски јазици.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од два дена, да објави јавен повик за издавање на грантови на едукативни центри за деца.

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на дизајнерски студија), во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на Здружение на естрадни уметници), во предложениот текст.

5. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на Градски Трговски Центар АД Скопје), во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на Здружение на меѓуградски транспортери ЛЕГИС Скопје), во предложениот текст.

7. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на 53 превозници - правни лица кои вршат општински линиски превоз во Град Скопје претставувани од Друштвото за превоз на стоки, патници, шпедиција и трговија на големо и мало, експорт- импорт „Макекспрес превоз“ ДОО Скопје), во предложениот текст.

8. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на 48 младински организации и организации за млади), во предложениот текст.

9. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на МЖ Транспорт АД Скопје), во предложениот текст.

10. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на кабареа, ноќни барови и дискотеки), во предложениот текст.

11. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на Асоцијација на приватни установи за деца „ПОЛЕТ“), во предложениот текст.

12. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на 83 превозници - правни лица кои вршат општински линиски превоз во Град Скопје преку Друштвото за превоз, промет и услуги „Слобода Превоз“ ДООЕЛ), во предложениот текст.

13. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на четириесет (40) приватни танцови клубови и балетски студија во Република Северна Македонија), во предложениот текст.

14. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост), во предложениот текст.

15. Го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (за поддршка на Јавно претпријатие за државни патишта Скопје), во предложениот текст.

Истовремено, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да направи корекција во табелата од Информацијата, односно делот за давање на финансиска поддршка на уметници и на културни работници, да биде усогласен со Предлог-одлуката од точка 11 од оваа седница на Владата.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на финансиска поддршка на филмски работници, во предложениот текст.

**<u>Точка 11</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на финансиска поддршка на уметници и на културни работници, во предложениот текст.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Општина Арачиново, како еднократна

неповратна финансиска поддршка, за справување со потешкотиите во тековното работење настанати поради COVID–19 кризата), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/20 („Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.143/20), за седницата на Владата, што ќе се одржи на 12 декември 2020 година (сабота).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог – активности за решавање на статусот на имотот во Будимпешта на адреса ул. „Балогвар“ бр.9, во сопственост на Република Северна Македонија, кој не се користи за потреби на Амбасада од неговото купување во 2007 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи да продолжи со активностите за решавање на статусот на имотот во Будимпешта, согласно опцијата за реконструкција на постојниот објект со надградба и доградба во постапка на повеќегодишна јавна набавка на работи, при што во прва фаза (планирана да се реализира во 2021 година) да се преземат мерки за заштита на постојниот објект од натамошно пропаѓање, во втора фаза (во 2022 година) да продолжат активностите за целосна санација на постојниот објект и вселување на Амбасадата, како и изведба на доградбата до фаза на карабина, додека во трета фаза (во 2023 година) да се реализира надградбата на објектот каде што ќе се вселат резиденцијата и двата стана за дипломати и финализираат работите на доградбата наменета за конзуларно одделение, простор за изложби и паркинг за возила.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог – активности за решавање на статусот на имотот во Хараре на адреса: „41 Argyle Drive, Highlands, Harare, Zimbabwe“, кој Република Северна Македонија го доби во процесот на сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи да продолжи со активностите за решавање на статусот на имотот во Хараре на адреса: „41 Argyle Drive, Highlands, Harare, Zimbabwe“, кој Република Северна Македонија го доби во процесот на сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ, согласно опцијата 1 за продажба на имотот и опцијата 2 за размена на имотот, елаборирани во Информацијата.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да преземе активности за осигурување на имотот во Хараре кој не го користи, како и мерки за физичко обезбедување на имотот, вклучително и со помош на надлежните органи во Зимбабве.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да спроведе постапка за ангажирање на правен застапник за впишување на сопственоста на имотот во катастарските книги на Хараре на име на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи повратно да ја информира Владата за преземените активности околу решавање на статусот на имотот во Хараре, најдоцна до 30 март 2021 година.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за предвремена примена на Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во предложениот текст.

**Точка 17**

1. Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 декември 2020 година заклучи да му препорача на Одборот на директори на Македонски телеком, АД за електронски комуникации – Скопје, од редот на неизвршните членови на Одборот на директори за претседател на Одборот на директори да биде избран Зоран Китанов, а за заменик на претседателот на Одборот на директори да биде избран Садула Дураки.

**Точка 18**

1. Владата ја разгледа Информацијата за промена на состав на Делегацијата на Република Северна Македонија за водење на преговори за склучување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово, за правна помош во граѓански предмети, ја усвои Информацијата и го овласти шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за правна помош во граѓански предмети доколку се постигне согласност на преговорите.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на посгоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COBИД-19 предизвикана од вирусот SARS-COV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 4 декември 2020 година до 10 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по заклучоците во врска со Информацијата за инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија од 3 ноември 2020 година (нова поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на Гокул Дас Бинани и Мадху Бинани), разгледана на 24-та седница на Владата (од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во врска со новата поведена арбитражна постапка против Република Северна Македонија од страна на Гокул Дас Бинани и Мадху Бинани) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го задолжи претседателот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во рок од три дена по усвојувањето на оваа информација да испрати барање за прибирање на понуда до адвокатската куќа ORRICK – филијала Дизелдорф, за застапување на Република Северна Македонија и во новата поведена постапка од страна на Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија.

2. Го задолжи претседателот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, по добивањето на понудата во рок од три дена да достави до Владата на Република Северна Македонија предлог за избор на правни застапници.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за координација на процесот на спроведување и следење на реформата на јавна администрација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација во периодот од 14-18 декември 2020 година да ја закаже седницата на Советот за реформа на јавната администрација.

2. Се задолжуваат сите министри кои не се членови на Советот за реформа на јавната администрација да присуствуваат на седницата на Советот за реформа на јавната администрација.

## Точка 21

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на експлозив за уништување на неексплодирани убојни и други експлозивни средства и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:05 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев